**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6481 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75 -а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

6. Констатации од надзорот:

### Член 75 став 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

*Дневно-информативни емисии*

Последниот, десетти извештај од мониторингот на изборното медиумско претставување во дневно-информативните емисии на ТВ Сител, ги содржи резултатите од анализата врз 18 изданија на „Дневниците" во 19 и во 23 часот и седум изданија на „Бизнис вестите" емитувани во периодот од 1 до 9 декември 2016 година.

Анализираните прилози имаат вкупно траење од 8 часа 33 минути и 49 секунди.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:35 | 2,42 % |
| Влада на РМ | 00:19:19 | 29,54 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:46 | 16,47 % |
| Локална самоуправа | 00:11:42 | 17,89 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:14:43 | 22,51 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:11 | 7,93 % |
| ДИК и други органи | 00:00:21 | 0,54 % |
| Претседател на РМ | 00:00:53 | 1,35 % |
| АРМ | 00:00:53 | 1,35 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:05:23** | **100 %** |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| Експерти/аналитичари | 00:09:46 | 18,43 % |
| Без субјекти | 00:00:14 | 0,44 % |
| ДИК и други органи | 00:06:58 | 13,14 % |
| Привремена комисија | 00:02:08 | 4,03 % |
| Граѓански сектор | 00:00:57 | 1,79 % |
| Други субјекти | 00:15:04 | 28,43 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:27 | 15,94 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:08 | 2,14 % |
| Претседател на РМ | 00:01:34 | 2,96 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:33 | 1,04 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:06:11 | 11,67 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:53:00** | **100 %** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 03:11:03 | 73,44 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:57:17 | 22,02 % |
| Либерална партија | 00:01:55 | 0,74 % |

| | | |
|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:08 | 1,97 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:58 | 1,52 % |
| Левица | 00:00:48 | 0,31 % |
| | **Вкупно за тема: 04:20:09** | **100 %** |

Извештаите од активностите на учесниците во изборната кампања сочинуваат 4 часа 20 минути и 9 секунди (Табела 1). Најголемиот дел од тоа време се однесува на митинзи и активности од кампањата на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (во ова време влегуваат и обраќањата на странските политичари од митинзите и странски инвеститори во прилозите кога Никола Груевски најавува странски инвестиции) - 3 часа 11 минути и 3 секунди (73,44%); информациите од кампањските активности на Коалицијата предводена од СДСМ траат 57 минути и 17 секунди (22,02%); на митинзите на ДУИ се однесуваат 3 минути и 58 секунди од извештаите (1,52%). Од субјектите со по седум потврдени листи со кандидати останува уште Коалицијата ВМРО за Македонија за чии активности од кампањата не е известувано. Има информации од кампањите на трите учесника во изборната кампања со по пет потврдени листи со кандидати, со тоа што за ДПА има 5 минути и 8 секунди (1,97%), за Либерална партија – 1 минута и 55 секунди (0,74%), а за Левица 48 секунди (0,31%). ТВ Сител не известуваше за кампањите на другите пет партии и коалиции со потврдени кандидатски листи.

Извештаите за активностите на претставниците на власта имаат времетраење од 1 час 5 минути и 23 секунди (Табела 1) и се однесуваат на: реакцијата на техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски за утврдените неправилности во МВР од страна на Антикорупциската комисија; изјавата на заменик-министерот за економија Кристијан Делев за тоа дека се очекува најголема инвестиција во рударството; за изјавите на вицепремиерот Владимир Пешевски околу завршувањето на првата фабрика на „ОДВ електрик" во охридско-струшката економска зона и за рестартирањето на рудниците Тораница и Добрево (во прилогот на оваа тема се појавува и Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ); потоа за активностите на министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски околу изградбата на патот Штип-Кочани и асфалтирањето на улиците во Ѓорче Петров оштетени во летните поплави (заедно со градоначалникот на Општината Сокол Митровски); изјавите на министерот за финансии Кирил Миноски во врска со тоа како странските инвестиции ја менуваат структурата на македонскиот извоз и за посетата на фабрика за чипс; на министерот за земјоделие Михаил Цветков за откуп на тутунот; на министерот за одбрана Зоран Јолевски во врска со фабриката „Броудстоун дифенс". Овде влегуваат и кусите интервјуа со градоначалниците на Општина Аеродром Ивица Коневски и на Прилеп Марјан Ристески; изјавите на директорката на Детската клиника Аспазија Софијанова; билатералната средба меѓу унгарскиот и македонскиот министер за надворешни работи Петер Сијарто и Никола Попоски; изјавите на директорот на Дирекцијата за ТИРЗ Виктор Мизо во низа прилози за нови странски инвестиции (во некои од нив се појавува и Коалицијата ВМРО ДПМНЕ преку најавите за инвестициите дадени од Никола Груевски), како и изјавите од Министерството за земјоделство во врска со огласот за ИПАРД проекти; средбата на Владата и ДИК.

За други теми поврзани со избори е известувано преку прилози со информативни жанрови кои траат 53 минути (Табела 1). Станува збор за: изјавата на претседателот Иванов во врска со изборите, неговата посета на Штип и изјавите на генерал на АРМ и на градоначалникот Илчо Захариев; работата на Антикорупциската комисија; интервјуто со Агустин Алмодобар од Европската народна партија од Шпанија; тужбите за изборни нерегуларности покренати од Јавното обвинителство; испитувањата на јавното мислење. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ е присутна во прилогот за новите инвестиции во Битола. Во оваа група прилози влегуваат и интервјуа со Владимир Божиновски и Златко Кесковски; активностите на ДИК, на Привремената комисија за следење на медиумското претставување; информациите од здружението Бедем.

Во прилозите со информативни жанрови, публиката најмногу ги слушала изјавите на претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 2 часа 12 минути и 16 секунди, директните обраќања на СДСМ траеја 37 минути и 43 секунди, сите останати субјекти имаат малку време (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:37:43 | 16,79 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:12:16 | 58,87 % |
| Либерална партија | 00:01:24 | 0,62 % |
| Други субјекти | 00:02:42 | 1,20 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:22 | 0,61 % |
| Влада на РМ | 00:05:41 | 2,53 % |
| Претседател на РМ | 00:01:14 | 0,55 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:36 | 6,05 % |
| Локална самоуправа | 00:06:46 | 3,01 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:36 | 2,94 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:40 | 1,19 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:13 | 0,99 % |
| Левица | 00:00:39 | 0,29 % |
| АРМ | 00:00:22 | 0,16 % |
| ДИК и други органи | 00:00:16 | 0,12 % |
| Граѓански сектор | 00:00:45 | 0,33 % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:30 | 3,34 % |
| Привремена комисија | 00:00:56 | 0,42 % |
| | Вкупно: 03:44:41 | 100 % |

Во последните девет дена од кампањата, ТВ Сител е многу концентрирана на коментирање – коментарите и освртите достигнуваат 2 часа 15 минути и 17 секунди, а коментари се среќаваат и во некои извештаи.

На 1 декември, во двете анализирани дневно-информативни изданија, се емитуваат три прилози во кои медиумот коментира.

„Дневникот" започнува со извештај „Фрчковски изненаден од храброста и понудата на Заев, која му носи 6% од албанските гласови" (3 минути и 5 секунди) кој има негативна рамка за СДСМ. Во прилогот, најпрвин се информира за изјавата на „универзитетскиот професор, поранешен министер и кандидат за претседател од редовите на СДСМ" Љубомир Фрчковски, дадена на трибина во Словенија, а потоа медиумот, потсетувајќи дека Заев уште пред почетокот од кампањата најавил оти за да добие гласови од Албанците „нуди двојазичност на целата територија на Македонија" тврди дека понудил „и нејзина кантонизација и федерализација", за што поддршката ја добива „единствено од кампот на Сорос и одредени албански радикални политичари", за што како пример се наведува колумна на професорката Мирјана Најчевска. Потоа се вели: „Љубовта на СДСМ со албанскиот фактор почна уште на стартот од кризата. На митинзите на опозицијата можеше да се забележат знамиња на голема Албанија и УЧК, а лидерот на СДСМ насмеан се сликаше во Куманово на местото каде што албански терористи убија повеќе македонски полицајци". Се потсетува на изјавата на Заев во Берн, како и на ставот на ВМРО ДПМНЕ (преку изјавата на Трајко Вељановски) за „опасната игра којашто ја одигра Заев".

Во следниот прилог „Ахмети го мерка премиерското столче" (3 минути и 17 секунди) се пренесува напис од весникот „Дневник" за тоа дека доколку ниту една од македонските партии не успее да формира влада по изборите, ДУИ сака Ахмети да биде премиер. Потоа медиумот коментира оти идеите за Албанец премиер не се нови, но нив „досега ги пласираше СДСМ преку свои поддржувачи", по што се потсетува на постара изјава на Љубомир Фрчковски и на ставот на Заев дека СДСМ е партијата која најмногу ги заслужува гласовите на Албанците, при што се емитува дел од изјавата на Заев од интервјуто за Нова ТВ. Медиумот заклучува дека „високите апетити на партиите од албанскиот блок можат да бидат поматени само од голема разлика во изборниот резултат помеѓу партиите од македонскиот блок", по што се емитува изјава од Никола Груевски дека ВМРО ДПМНЕ ќе победи со голема разлика. На крајот се пренесува дека, ако ДУИ не успее да добие премиерско место, ќе го бара местото на спикер на парламентот, а ДПА, најверојатно ќе бара вицепремиер со право на вето.

Подолу во вестите има осврт „Фантомските гласачи како план на опозицијата за бегство од избори" (1 минута и 51 секунда) каде медиумот уште еднаш ја реактуелизира темата за т.н. фантомски гласачи, овој пат преку анкета со граѓаните. По нивните негативни ставови за СДСМ, се повторуваат делови од соопштението од ВМРО ДПМНЕ и од она на СДСМ. Прилогот има негативна рамка за СДСМ.

На 2, 3, 4 и 5 декември има серија меѓусебно поврзани прилози на тема „Двојазичноста има цена", во кои публиката е подложена на убедување, наметнување мислење, манипулирање со информации и заплашување со губење на работните места, користење тактика на именување на професиите и градовите/општините кои треба да се чувствуваат загрозено и уплашено, губење на државата, тензии и војна, а во неколку од тие прилози постои дискриминација по етничка основа, како и дискриминација врз основа на возраст. Оваа серија прилози е пример за тоа дека „'Говорот на омраза' може да биде затскриен во изјави кои на прв поглед може да се чинат оти се разумни или нормални"[1], а емитувањето вакви содржини е спротивно на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Овие констатации се поткрепени со цитатите и описите од секој од прилозите.

На 2 декември, во вестите во 19 часот има низа од три последователни коментари кои градат една целина во која граѓаните се заплашуваат со губење работа и опасност за безбедноста на државата и им се сугерира решение за таквата ситуација. Тие имаат негативна рамка за СДСМ, а во вториот има и позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ.

Првиот прилог, кој е репризиран и во „Дневникот" од 23 часот, е обележан со телопот „Уреднички коментар: Двојазичноста има своја цена, и пред некој да ви ја продаде – цената мора да се знае" (3 минути и 38 секунди) е и првиот од низата прилози на оваа тема и има негативна рамка за СДСМ. Најавата за содржината гласи: „Во недостаток на реални економски и социјални решенија, со кампања и програма препишана од српската партија „Двери", која едвај помина цензус на изборите во Србија, Зоран Заев и социјалдемократите, за нивна победа на изборите, понудија трговија со Македонија. Имено, нивната понуда е двојазичност и кантонизација со поголеми права на општините што вклучува и здружување по етничка основа. Двојазичноста е проблем кој ќе го урне македонскиот карактер на македонската држава, ќе воведе амбиент и правила слични на Косово пред осамостојувањето, што е доволна причина Македонците да се загрижат и да ја земат судбината во свои раце, додека сè уште можат да решаваат за тоа, а последната шанса се изборите на 11 декември". Во прилогот се вели дека двојазичноста создава последици на економски, културен и социјален план, „а согласно искуствата на Косово, и безбедноста на Македонија се доведува во прашање". Потоа се говори за тоа кои сè институции во јавниот сектор ќе треба да имаат вработени кои течно ќе го говорат албанскиот јазик, а „во спротивно вработените ќе се соочат со отказ или прекршочни пријави и судски казни". Се посочува дека околу 100.000 Македонци, Турци, Власи, Бошњаци, Срби, Роми, ако сакаат да работат во јавна институција ќе мора да знаат албански за да не ја загубат работата. Тоа мора да им го платат институциите во кои работат, што, според ТВ Сител, чини околу 50

[1] "Manual on hate speech", Anne Weber, Council of Europe, септември 2009, стр. 5, достапен на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/hrpolicy/publications/hate_speech_en.pdf

милиони евра и оти од вработените во јавниот сектор, најмалку 30.000 лица „се возрасни со над 50 години кои реално нема да можат да го научат албанскиот јазик... тие ќе добијат отказ, а нивните работни места ќе ги добијат Албанци од Северозападниот дел на Македонија". Потоа, како пример се земаат полицијата и војската. Вработените во Министерството за одбрана се заплашуваат дека ќе останат без работа поради – како што се сублимира на телоп „етнички вработувања за најмалку 3.000 Албанци и етничка доминација во армијата. Отказ за околу 3.000 Македонци". Се тврди дека тоа „е ризик сам по себе ако се знаат заканите од Косово". Потоа се вели дека работите во Полицијата стојат уште полошо, и таа ситуација, исто така, се сублимира на телоп кој гласи: „Албански јазик за сите. Преселба на полицајци Албанци во централниот и југоисточниот дел на Македонија. Секој полицаец и службеник кој не знае албански, отказ". Се вели дека со „законската принуда за двојазичност околу 4.000 полицајци и вработени во МВР кои не научиле албански ќе добијат отказ, а нивните места ќе ги пополнат етнички Албанци од Северозападна Македонија" кои ќе работат во доминантно македонски средини – места како Гевгелија, Прилеп, Неготино, Штип итн. кои не ги познаваат, како ниту навиките и културата на тие средини „што ќе се одрази на безбедноста, ќе создава отпор и фрустрации кај локалното население со јасна можност за постојани етнички тензии и конфликти". Се вели дека ова ја менува и етничката карта на Македонија и се завршува со поентата „Двојазичноста има своја цена, и пред некој да ви ја продаде – цената мора да се знае".

Во следниот прилог се посочува решението, очигледно од самиот телоп „Доколку ВМРО ДПМНЕ не освои мнозинство од 63 пратеници, ќе се отвори вратата за разни комбинации" (3 минути и 13 секунди). Во него, се вели дека според експертите, ако ВМРО ДПМНЕ не освои 63 пратеници, разните комбинации кои ќе се отворат ќе значат дека „на маса ќе бидат македонските национални интереси". Експертското мислење кое се емитува, е изјава на г. Владимир Голубовски, означен како пратеник во првиот собраниски состав, инаку претседател на ВМРО ДП, дел од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Се вели дека ако ВМРО ДПМНЕ не освои 63 пратеника „СДСМ очекува со своето однесување кон Албанците да ги натера албанските партии" да постават нереални барања за формирање коалициска влада кои ќе бидат отфрлени и така СДСМ ќе се најде во „широка коалиција" која ќе има „единствена задача да го смени името на Македонија". Потоа се вели дека СДСМ не кријат оти ова е нивната стратегија и „отворено зборуваат за промена на името" за што како доказ се емитува сегмент од изјава на Љубомир Фрчковски од трибина во Словенија. Се вели дека експертите потсетуваат дека ваквото однесување не е ништо ново за СДСМ и дека слична понуда дала и Шеќеринска по што „граѓаните и го испорачаа најголемиот пораз во македонската политичка историја". По ова се емитува изјава на Шеќеринска од претходни избори за тоа дека за шест месеци ќе се добие покана за влез во НАТО и европски преговори. На крајот се наведува дека во програмата на ВМРО ДПМНЕ „на 293 страница стои дека новата влада нема да прифати промена на Уставот, ниту било какви идеи и предлози кои ќе го загрозат националниот идентитет".

Третиот сегмент е означен со телопот „Што значи двојазичноста во пракса, еве го ставот на експертите" (2 минути и 40 секунди). Телопот е повторен и во најавата и се дополнува со: „на пример ако Ве сопре полицаец и Ви се обрати на Албански, а Вие не знаете". Прилогот почнува со тврдењето дека двојазичноста на територијата на Македонија „негативно ќе се одрази во сите институции, а последиците ќе бидат најголеми за вработените во јавниот сектор, бидејќи услов за вработување или задржување на работната позиција ќе биде познавањето албански јазик". Се емитува изјава на поранешниот началник на МВР Драги Нестороски за тоа дека „ваквата можност е особено опасна за нормално функционирање на полицијата која мора да биде сервис на граѓаните, особено ако тоа подразбира и воведување санкции за полициските службеници кои не говорат албански јазик". Се вели и оти експертот (како глас на авторитетот) предупредува на опасноста Албанците да почнат да се преселуваат во доминантно македонските средини. Потоа се повторува дека освен во полицијата, албанскиот јазик ќе биде задолжителен и за војниците, лекарите, медицинските сестри, пожарникарите и шалтерските работници.

На 3 декември, во двете анализирани изданија на вестите, се емитува уште една низа од два коментари во кои продолжува заплашувањето со учење албански јазик или казни и губење работа. Најпрвин се емитува втор дел од прилогот за „Цената на двојазичноста". Означен е со телоп „Уреднички коментар:

Двојазичноста има цена" (3 минути и 55 секунди). Во најавата се вели: „Двојазичноста која ја продава СДСМ има цена и таа цена треба да се знае. Вчера претставници од безбедносниот сектор говореа за тоа што ќе значи воведувањето двојазичност во полицијата и во војската. Тоа според нив ќе донесе безбедносни ризици, но и отпуштање и нови вработувања само на лица од албанска етничка припадност. Која е цената во образованието и здравството? Во денешниот уреднички коментар на Сител". Во овој сегмент од вестите, најпрвин се говори за тоа колкумина ќе ги изгубат работните места во образованието – или како што се сублимира на телопот - поради двојазичноста во сите градинки, основни училишта, гимназии, државни и приватни факултети „албански ќе мора да научат и говорат над 20.000 вработени. Во спротивно остануваат без работа или тие и установите се соочуваат со отказ и казни". Повторно се зборува дека за да се воведе двојазичност во образовниот систем „ќе има масовно доселување на Албанци во Централна и Источна Македонија". Потоа се вели: „Се чини двојазичноста, освен во полицијата, најтешки последици ќе остави и во здравствениот сектор" зашто секој аптекар, медицинска сестра, шалтерски работник, лекар, стоматолог... ќе мора да знаат албански, „можете само да замислите до каква хаварија и трагични последици ќе доаѓа кога Македонците ќе треба да комуницираат со пациенти и нивни роднини за стручни здравствени теми на албански јазик, кој ниту добро го знаат, ниту учеле училиште и факултет на албански. Инцидентите, грешките и последиците од ова се незамисливи". На телоп се сублимира дека околу 30.000 лица во здравството ќе мора да научат албански јазик, а се вели оти тие луѓе, кои се од различни етнички заедници „колку и да го научат, лекар или медицинска сестра тешко дека ќе успеат со тоа знаење да дадат солидна здравствена услуга, да оперираат пациенти или да примаат интервентни случаи". Се тврди дека „бидејќи во здравството искуството на сестрите и лекарите е нивна најголема предност, искусните лекари и медицински сестри најтешко ќе научат албански, по што ќе мора да ја загубат својата работа и да ја препуштат некому без знаење и искуство, само затоа што некој друг подобро говори албански јазик. Најмалку 1.000 искусни лекари и околу 10.000 медицински персонал ќе се соочат со откази", односно „Македонците ќе бидат казнети во сопствената држава". Се наведува дека тоа е двојазичноста што ја нуди СДСМ и се завршува со поентата од претходниот ден „Двојазичноста има своја цена, и пред некој да ви ја продаде – цената мора да се знае".

На ова се надоврзува следниот коментар „Камиловски: Во операционата сала двојазичноста може да биде катастрофална" (4 минути и 6 секунди) во кој најпрвин граѓаните можат од д-р Виктор Камиловски (гласот на авторитетот) да чујат дека двојазичноста може да резултира со погрешно поставени дијагнози и смртни случаи во операциона сала и оти докторите се уплашени дека ќе ја изгубат работата. Потоа се репризира изјавата на Заев пред дијаспората во Берн, по што, како решение, се вели дека лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски предупредил оти оваа идеја е особено опасна за иднината на Македонија и граѓаните, и се емитува негова изјава од митинг од Штип дека за да се спречи ова, неопходно е да освојат 63 пратеника.

Следниот прилог е повторно коментар, кој не е дел од серијата за цената на двојазичноста. Насловен е „Анкетата на Рејтинг: Спасов повторно му дава лажна надеж на членството на СДСМ, но и алиби на Заев за бојкот на резултатот" (3 минути и 3 секунди) и во него ТВ Сител коментира анкета, која претходно не ја објавил. Во прилогот се вели дека познавачите на политичките состојби велат оти СДСМ пред сите избори креира еуфорија преку анкети со лажни резултати, кои служат и да и дадат алиби за да не ги признае резултатите од изборите. Се наведува дека зад ова секогаш стојат Шеќеринска, Заев и Пендаровски, како и во случајот на Претседателските избори во 2014 година. Се емитува изјава на Пендаровски од митинг на тие избори. Се наведуваат и критики за анкетите на Рејтинг од Ивор Мицковски и Бранко Геровски, и на крајот се повторуваат резултатите од анкетата на Брима Галуп.

На 4 декември вестите започнуваат со преземениот/симулиран коментар „Курир: СДСМ преку НВО предизборно поткупува Роми во Куманово со огревни дрва" (2 минути и 17 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Се вели дека според Курир „СДСМ продолжува бескрупулозно да поткупува гласачи" така што преку невладина организација која е под контрола на партијата се делат дрва на Роми, и дека со проектите е запознаен и градоначалникот на Куманово. Со овој прилог започнуваат и вестите во 23 часот.

И во двете изданија на „Дневникот" следува трето продолжение од серијата прилози за цената на двојазичноста, со дискриминаторски говор на омраза врз етничка основа, спротивен на член 48 од ЗААВМУ. Како најава служи дел од првиот прилог: „Двојазичноста е проблем кој ќе го урне македонскиот карактер на македонската држава, ќе воведе амбиент и правила слични на Косово пред осамостојувањето, што е доволна причина Македонците да се загрижат и да ја земат судбината во свои раце. Ако двојазичноста стане законска обврска, како што планира Заев, анализите покажуваат трошок од над 50 милиони евра во јавниот сектор и отказ за најмалку 30.000 вработени кои од најразлични причини нема да успеат да го говорат албанскиот јазик. Дополнително, во општините каде не се говори албанскиот јазик ќе се доселат околу 70.000 Албанци со што ќе се смени етничката карта". Прилогот, означен со телоп „Уреднички коментар: Која е цената на двојазичноста?" е комбинација од прилозите објавени во претходните два дена, за тоа како двојазичноста ќе се одрази во полицијата, војската, образованието и здравството и се повторуваат веќе објавените акценти за тоа во која сфера колку луѓе (30.000) ќе ги загубат работните места. Потоа се вели: „Исто толку Албанци, кои треба да ги пополнат испразнетите места со лица кои зборуваат албански плус нивните членови на фамилии ќе се доселуваат од Северозападниот дел на Македонија во Берово, Кочани, Штип, Радовиш, Струмица, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Прилеп, Битола, Велес или Охрид, како и во скопските општини Кисела Вода, Аеродром, Центар, Ѓорче Петров или Карпош" што ќе ја смени етничката карта, културата, традициите и етничките национални белези и ќе доведе до ризик и тензии. Се вели и оти во другите сфери од јавниот сектор ќе има „темелни промени на кадарот кој е вработен". Се говори дека отпорот, проблемите и тензиите кон примената ќе ја „доведат државата во тензична и нестабилна состојба на долг рок". Се наведува дека СДСМ инсистира да се воведе двојазичност и кантонизација, но не објаснува како ќе ги реши проблемите и тензиите. Продолжува набројувањето на општините, проблемите, трошењето на општинскиот буџет за да се спроведе двојазичност со што може да не останат средства за редовните активности. На крајот се вели дека и ДУИ и ДПА се залагаат за двојазичност и кантонизација и се прашува зошто би гласале Албанците за СДСМ кога ќе ги измами, бидејќи Македонците нема да дозволат да го спроведе планот. Крајот е поентата - „Двојазичноста има своја цена, и пред некој да ви ја продаде – цената мора да се знае".

Според воспоставената шема, следува прилог во кој основата за застрашување ја потврдува авторитет. Овојпат тоа е градоначалникот на Општина Аеродром Ивица Коневски, кој во интервјуто „Коневски: Двојазичноста на Заев скапо ќе ја платат сите општини - и децата во градинките ќе треба да учат албански јазик" (3 минути и 16 секунди), акцент става на тоа дека децата, на сила, наместо англиски ќе учат албански јазик.

На 5 декември, во „Дневникот" во 19 часот, првиот прилог е означен како „Уреднички коментар: Цената на двојазичноста – финално" (6 минути и 48 секунди). Во него се сублимира она што е кажано претходните три дена во серијалот за „цената на двојазичноста" и се додава нов елемент – која партија е на „албанската страна", а која на „македонската". Имено, овој пат, и во најавата од студиото и во почетокот на прилогот се вели дека "со барање кантонизација и двојазичност на целата територија на Македонија, пет партии на наредните избори ги застапуваат и се борат за етничките права на Албанците – ДУИ, ДПА, Беса, Алијансата на Зијадин Села и Социјалдемократскиот сојуз. На македонската страна остана само ВМРО ДПМНЕ од каде и понатаму стојат на ставот дека ниту поддржуваат промена на Уставот ниту ќе дозволат двојазичност на целата територија, а особено не кантонизација, како што Заев ја нарекува федерализацијата на Македонија". Се вели дека станува збор за „територијална поделба која според искуствата во регионот и Европа, наскоро би довела до војна и отцепување на албанските кантони од Македонија и нивно припојување кон Косово". Потоа се повторуваат информациите за тоа колку би чинело да се научи албански и да се направат потребните табли и други прилагодувања, и се кажува колкав број граѓани ќе останат без работа, со тоа што овојпат старосната граница за отпуштање се намалува и се вели „освен тоа, повозрасните од 40 години не би успеале навремено да го научат албанскиот што би значело отказ и губење работа на најмалку 30.000, сега вработени во државниот и приватен јавен сектор". Се наведува дека ваквиот социјален шок од широки размери би довел до уривање на „сегашниот нагорен социјален тренд на вработување и покачување плати и пензии". Потоа, се повторува тврдењето дека би дошло до масовно преселување на најмалку 70.000

Албанци од северозападниот дел на Македонија „од Арачиново, Липково, Сарај, Тетово или Дебар" кои би ги зазеле местата на луѓето што ќе бидат отпуштени во градовите и општините кои и претходниот ден беа именувани како засегнати, што би ја сменило етничката, културната и националната карта на Македонија и би резултирало со отпор, сериозни тензии кај населението во централниот и југоисточниот дел на Македонија, што „е длабока безбедносна закана". Како илустрација, освен телопи со податоци за секторите и број на луѓе вработени во нив кои би биле отпуштени, се користи и карта на Република Македонија на која со стрелки се прикажува од каде Албанците би се преселувале и каде би се доселиле што асоцира на сличните илустрации, кои обично се користат во документарни филмови за да се прикаже движењето на големи групи луѓе. Потоа се преминува на елаборација на „вториот дел на планот на СДСМ и четирите албански партии" – промена во овластувањата на општините. Се вели дека во зависност од големината и парите, општините би се поделиле на обични и привилегирани, што „за Заев е многу важно" за да може, како градоначалник на Струмица, и натаму, повеќе отколку досега да го владее струмичкиот буџет „преку своите семејни фирми" (илустрација е страница од програмата на СДСМ, шема на фирми на Заеви итн.). За Македонија пак, се вели - тоа е уривање на државниот систем бидејќи општините би добиле право да се здружуваат во кантони, со „кантонална власт контра државната", со право да соработуваат со други општини од регионот. Се вели дека „албанскиот кантон би добил право на соработка и здружување по функционалност со општини од Косово и Албанија", при што се наведува дека процесот е веќе почнат зашто неодамна „се здружија општините со албанско население од Албанија, Косово, Македонија и Србија. За формално територијално здружување фали уште промена на Уставот". „Со предлогот на Заев, СДСМ и четирите албански партии би се поништило сегашното државно уредување и Македонците би го загубиле идентитетот и авторитетот во единствената држава која ја имаат, а Албанците, по Албанија и Косово, би добиле трета држава под своја управа. Ова е поопасен план и од грчкото барање за промена на уставното име и јазикот, затоа што одлуката би ја донеле самите ние на избори без наметнување од страна, што би значело дека би се избришале самите себе и тоа трајно". Потоа се наведува дека според расположението кај јавноста и тоа кај Македонците, Турците, Србите, Ромите и Власите, ваквиот план на изборите нема да добие поддршка, „а со освојување 63 пратеници од страна на ВМРО ДПМНЕ планот за двојазичност и кантонизација ќе биде еднаш засекогаш затворен и отфрлен". Се наведува дека СДСМ со овој план губи гласови од Македонците, но се надева на многу повеќе гласови од Албанците. Од друга страна, партиите на Албанците имаат ист план како и СДСМ и ќе сторат сé за СДСМ да не им одземе од албанските гласови оти тоа би ја довело во прашање нивната суштина и постоење. Се вели дека и посериозни авторитети како Руфи Османи и Имер Селмани не добиле повеќе од 30.000 гласови, па СДСМ нема да добие повеќе од 10.000 гласови од Албанците, а веќе загубила повеќе од 50.000 гласови меѓу Македонците, Турците, Србите и останатите етнички заедници. Се вели дека СДСМ ќе ги изгуби изборите со повеќе од 10 пратеника, но „битно е да ги загуби колку е можно поубедливо за да се даде колку е можно појасен одговор на понудата за двојазичност и федерализација. На крајот се испраќа порака за решението и до неопределените гласачи - дека штом веќе СДСМ ги губи изборите тие „имаат голем мотив да ја поддржат другата македонска опција и да ја имаат честа дека и лично придонеле да се сочува мирот, македонската нација и држава и да се продолжи со континуитетот на нови вработувања, поголеми плати и пензии и европската ориентација".

Според востановената практика, следниот прилог е „глас на авторитетот", овојпат тоа е кусо интервју со Марјан Ристески, градоначалникот на Прилеп. Во прилогот „Прилепчани се навредени од идејата за двојазичност" (2 минути и 23 секунди) тој говори за тоа дека двојазичноста би значела губење работни места за прилепчаните, како Македонци така и од други етнички заедници.

Следува нов сегмент во вестите, означен како уреднички коментар (1 минута и 49 секунди) во кој се повторува дека на овие избори ќе се гласа за два големи блока „едниот е проалбанскиот" составен од четирите партии на Албанците во Македонија и СДСМ, а вториот е „промакедонски блок". Се тврди дека во овој блок останува само ВМРО ДПМНЕ со Коалицијата. При убедувањето се користи следново тврдење, „таа страна која тој (Заев) ја предводи е заинтересирана за влада во која би бил СДСМ и сите албански партии. Таа влада не е македонска влада. Ниту етнички, ни национално ни државно. Тоа е проалбанска влада. А, на

другата страна, во опозицијата би го ставила ВМРО ДПМНЕ. Тешко дека можете да замислите Македонија, во која ќе имате четири албански партии и СДСМ и дека тоа може да помине мирно, дека таа влада може да функционира и дека таа влада може да донесе резултати – плати, пензии да не говориме - тоа ќе го заборавите. Најпосле, било каква одлука во Македонија да се носи, мора да се донесе со согласност на пратениците на ВМРО ДПМНЕ и нивната коалиција. Зошто? Затоа што сите тие барања, кои Заев ги поставува, се уставни категории – што значи треба повеќе од две третини од пратениците, повеќе од 80. ВМРО ДПМНЕ се бори за 63 пратеници, што значи на овие избори имаме блок промакедонски и проалбански. Секој сам ќе одбере да види во кој блок самиот тој припаѓа". Авторот на коментарите, трудејќи се да ги убеди гласачите дека имаат само две опции за избор, од кои само едната е промакедонска, до овој момент на публиката и ја ускратува информацијата дека на изборите има вкупно 11 учесници во кампањата.

Меѓутоа, наредниот прилог, има за цел да објасни зошто граѓаните не треба да го дадат својот глас ниту за другите партии и коалиции. Прилогот е насловен „Гласот за десно-центристичките партии е глас во прилог на намерите на Заев да воведе двојазичност" (3 минути и 47 секунди) и има негативна рамка за Коалицијата предводена од СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, Коалицијата за промени и правда и позитивна рамка за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Врз основа на неидентификувани експерти и познавачи на состојбите, се вели дека е нејасно зошто коалиции кои се наоѓаат во опозиција не се здружиле со големата опозициска коалиција. Тезата е дека тоа е направено со цел да се коалицира постизборно за да се направи коалиција во која би биле и албанските партии. Како потврда се користи изјавата на Фрчковски дадена во Љубљана во која се опишува дека би можело да се формира таква влада, а потоа и изјавата на Љубчо Георгиевски од Коалицијата ВМРО за Македонија дека по изборите треба нестабилна влада, односно дека никој не треба да има апсолутна власт. Се репризираат изјавите на Заев од интервјуто за Нова ТВ во врска со употребата на албанскиот јазик во Македонија, по што се наведува дека лидерот на ВМРО ДПМНЕ, од почетокот на кампањата, повикува на референдумско гласање за 63 пратеника за да заврши кризата (се емитува дел од негово обраќање на митинг).

Во најавата за наредниот прилог се коментира: „Љубчо Георгиевски, од времето на Бранко Црвенковски е коалиционен партнер на СДСМ и не гледам зошто тоа некого го чуди денес. Се повторува тоа и тоа си е веќе традиција која трае десетина години. Но, јавноста гледа и еве го одговорот". Следува прилог со резултати од анкета насловен „Анкета на Павел Шатев: Над 90% се против двојазичност, 27,6% рејтинг за ВМРО ДПМНЕ, 16,2% за СДСМ" (2 минути и 9 секунди).

Кон крајот на „Дневникот" има уште неколку прилози во кои се користи негативен тон и рамка за неколку субјекти. Два од нив служат за да бидат изложени на потсмев претставници на другите учесници во кампања.

Најпрвин во сегментот означен со телопот „Уреднички коментар" (2 минути и 21 секунда). Водителот вели дека порано имало иницијатива да им се прави алкотест на пратениците, што СДСМ со индигнација го отфрлила. По тоа, тој бара од гледачите да утврдат колку промили алкохол имало во говорот на Оливер Спасовски на митингот на СДСМ одржан претходната вечер во Скопје, по што се емитува снимка со обраќањето на Спасовски.

Следува уште еден сегмент означен како „Уреднички коментар" (2 минути и 25 секунди) во кој се користи снимка од Стојанче Ангелов од Коалицијата ВМРО за Македонија, на која тој зборува за повторно воведување на воениот рок и пука со пиштол.

Одјавата за двата прилога гласи „Е тоа е. Е сега Оливер Спасовски и Стојанче Ангелов треба да бидат власт во Македонија".

Следува трет прилог, преземен/симулиран коментар од „Вечер" означен со телопот „Советот за етика или ќе се реформира или нема да го биде!" (3 минути и 43 секунди). Советот за етика е најавен како уште еден од клоновите или производите на СДСМ и на Сорос Фондацијата во Македонија, кој сака да ја сочува својата партиска структура и не дозволува да влезат над 80 медиуми и да биде тоа што му стои во името - да биде Совет за етика.

По вестите од спортот, во одјавата на „Дневникот" се вели: „Избори течат, кампања има уште пет дена. Гледајте да имате среќа, да не ве упука некаде Стојанче Ангелов со неговиот пиштол со кој бара гласови за Љупчо Георгиевски и за себе или да не ве види негде нацуцан онака Оливер Спасовски, може сешто да ви се деси, тој е привремен министер за внатрешни работи."

Во Дневникот во 23 часот, повторно се емитувани четири од овие прилози. Најпрвин „Уреднички коментар: Цената на двојазичноста – финално", а потоа „Гласот за десно-центристичките партии е глас во прилог на намерите на Заев да воведе двојазичност", во чија најава, меѓу другото, се вели дека СДСМ работи на тоа во Македонија да создаде „албанска влада" составена од четири албански партии и СДСМ, а „ВМРО ДПМНЕ кој ќе победи убедливо на овие избори, кој ги претставува Македонците, Србите, Турците и другите неалбански етнички заедници во Македонија да премине во опозиција. Интересен план – како апсолутен победник на избори да изиграш со трикови и да го направиш опозиција. Тој кој го прави планот дали размислува дека оние кои ќе победат убедливо на изборите и кои две години ги газат со помош на соросоиди и странски пари, дали мислат дека тие ќе гледаат телевизија, ќе грицкаат нокти и ќе речат 'леле, што ни направија?!' Сигурно нема така да се деси. Отпорот ќе биде соодветен". Емитувани се и прилозите на кои е ставен телоп „уреднички коментар", а се однесуваат на Стојанче Ангелов и Оливер Спасовски, проследени со потсмешливи коментари од водителот во студиото.

На 6 декември, во двете изданија на „Дневникот" се емитува осврт „Македонски Манифест' со отворено писмо до сите што работат на идентитетска ликвидација на Македонија" (4 минути и 16 секунди) кој се однесува на, како што се вели во најавата, зголемувањето на револтот и реакциите за идеите за двојазичност и кантонизација на Македонија. Прилогот започнува со ставот на долгогодишниот дипломат Ристо Никовски оти заложбите за федерализација се застрашувачки последици од Охридскиот рамковен договор, кој е наметнат од надвор. Според него, партиите на Албанците, по изборите ќе поставуваат барања кои ќе бидат неприфатливи за ВМРО ДПМНЕ. Следува потсетување на резултатите од анкетата на „Павел Шатев", а потоа се пренесува реакцијата од „Македонски манифест" и од македонската дијаспора од Швајцарија. Потоа се пренесува дека интернет порталот „Курир" објавил оти состаноците на СДСМ веќе се двојазични по што, како потврда, се емитува снимка на која, најверојатно, Мухамед Зекири зборува албански на состанок. На крајот се вели дека темата за двојазичноста се појавила по обраќањето на Зоран Заев во Берн, дека тоа е дел од изборната програма на СДСМ и оти партијата веќе почнала да ги спроведува во дело.

Во следниот прилог „Албанците од дијаспората: Поддршка за СДСМ, наредба за Груевски" (2 минути и 1 секунда) се објавува отвореното писмо од Муса Љамалари до Груевски со барања што треба да се спроведат. По пренесувањето на содржината на писмото се вели дека Љамалари признал оти се залага за федерализација, дека имал средби со Заев и разговарале за федерализација и потоа помалите албански партии излегле да го поддржат Заев во барањето да нема избори. На крајот се потсетува дека пред изборите Заев се сретнал со дијаспората во Берн, каде зборувал за проширувањето на Рамковниот договор и двојазичност на територијата на Македонија.

На 7 декември, во 19 часот се емитува преземен/симулиран коментар „Република: СДСМ во 2004 ги продаде Струга и Кичево, а денес Заев заговара федерализација на Државата" (3 минути и 7 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во него се прикажуваат документи од Државниот архив за кои се вели дека се белешки од преговорите меѓу СДСМ и ДУИ при кои, за да победи Бранко Црвенковски на изборите за претседател, СДСМ самата, му понудила на ДУИ Струга и Кичево да станат доминантно албански општини, и тоа без вакво нешто да биде побарано од етничките Албанци. Тоа се поврзува со сегашноста, кога „друг политичар" за да победи на избори е подготвен „да ги задолжи Македонците да платат уште повисока цена, а тоа е редефинирање на Македонија и нејзина федерализација и кантонизација". На крајот се наведува дека и тогаш и сега, на сцена излегува албанската дијаспора и се повторува ставот на ВМРО ДПМНЕ граѓаните да не дозволат да се повтори 2004 година.

Потоа следува дел од интервју на Драган Павловиќ Латас од емисијата *Јади бурек* на Сител 3 „Латас: Гласот за Заев е глас за раселување на Македонците" (4 минути и 42 секунди) со негативен тон и

рамка за СДСМ. Во него тој вели дека ако се гласа за „Зоран Заев и неговите врски со албанското подземје - ние сме готови. Ние сме Косово, сабајлето". Тој вели дека повеќе скопски општини се во „албанската зона" и дека оние што ќе гласаат за СДСМ „ги продаваат" и "ги осудуваат на тоа да бидат бегалци" Македонците што живеат во Куманово, Кичево, Струга, Дебар, Гостивар, односно тоа е македонски потпис „да бидат протерани 150.000 до 200.000 Македонци, во многу брз рок, на четири - пет години од Охрид до Куманово, вклучително и скопски општини". На ова се надоврзува изјава од Васко Ефтов кој пренесува информации од интервју со Насер Рауфи, адвокатот во случајот „Диво насеље" за тоа дека целта на нападот била да се заземат неколку улици во Куманово за да дојде до нови преговори за Охридскиот рамковен договор, по што веднаш се емитува изјавата на Заев од Берн дека Охридскиот рамковен договор не е доволен.

Во вестите во 23 часот се емитува осврт „ВМРО ДПМНЕ бара поддршка за 63 пратеници и спас од федерализација" (2 минути и 32 секунди) во кој се сопоставуваат изјавите на Никола Груевски, Љубчо Георгиевски и Љубомир Фрчковски, во контекст на наводите, изнесени претходните денови, „за сценариото на СДСМ да создаде широка постизборна коалиција со партиите на Албанците и десно-центристичките партии" со порака на крајот дека ВМРО ДПМНЕ и коалицијата бараат 63 пратеника „за да не се остварат најавите на Заев за двојазичност и редефинирање на Уставот".

На 8 декември во 19 часот, во прилогот означен со телопите „Со вчерашното гласање на избирачките одбори, започна гласањето за предвремените избори", „За овие избори ќе гласаат 20.573 граѓани што живеат во странство во 46 дипломатско конзуларни претставништва", „На избирачкиот список запишани за гласање се 1.784.436 полнолетни државјани на Република Македонија", "Силен меѓународен мониторинг на местата каде излезноста е 100%", „Силен меѓународен мониторинг во албанските места", „Зоран Заев ја понуди Македонија на продажба за потреби на Албанците, но албански гласови тешко ќе добие" (3 минути и 10 секунди) има негативна рамка за СДСМ и позитивна за ВМРО ДПМНЕ. Медиумот коментира дека „Зоран Заев ја понуди Македонија на продажба за потреби на Албанците, но албански гласови тешко дека ќе добие за нив бидејќи СДСМ е дури петтата опција зад ДУИ, ДПА, Беса и Алијансата на Зијадин Села. Тоа значи дека малку ќе остане за СДСМ. Тешко дека четирите албански партии ќе остават некој да ќарува во нивниот двор" и оти според извори од албанските партии, СДСМ се обидува да се пазари и да купи гласови на етнички Албанци во Арачиново, Кондово, Сарај и Чаир.

Следува коментарот „СДСМ двојазичноста ја спроведува на дело. Летоците за митинзи им се на албански или албанскиот им е прв јазик" (3 минути и 40 секунди) со негативна рамка за СДСМ и Коалицијата ВМРО за Македонија. Прилогот почнува со коментар на Ивор Мицковски дека со еднојазичност се форсира двојазичност во контекст на летоците со кои на митинг ги поканиле дебрани и кумановци. Се пренесува коментар од „Република" дека за Заев е погрешно да се биде патриот и бранител на својата држава и поредок, односно дека сака да ја распарчи Македонија и да им ја подари на соседите за да си обезбеди лична благосостојба. Се потсетува на изјавите на Заев од 2013 година дека на СДСМ не му приличи да игра на линија на патриотизмот. Потоа се пренесува и ставот на „Република" оти гласот за десно-центристичките партии е глас за Заев и СДСМ и намерите за двојазичност и редефинирање на државата, по што се пренесува изјава на Љубчо Георгиевски дека прва шанса за коалицирање би била со СДСМ. Се потсетува на изјавите дадени од Заев на ТВ 21-М и на тоа дека во програмата на партијата се предвидува воведување локална полиција, двојазичност и политипни општини.

На 9 декември, во двете изданија на „Дневникот" има интервју со политичкиот аналитичар Владимир Божиновски „Анализа: Каква изборна кампања имавме" (4 минути и 32 секунди) со позитивен став за ВМРО ДПМНЕ и негативен став за СДСМ.

Исто така, во двата „Дневника" следува коментар „Заев: Имаме 10 илјади членови Албанци" (4 минути и 9 секунди) со негативна рамка за СДСМ и позитивна за ВМРО ДПМНЕ. Во прилогот се емитува нова изјава од Заев дадена во Берн за тоа дека СДСМ има 10.000 членови Албанци, за што медиумот оценува дека е „нова скандалозна изјава на лидерот на опозицијата Зоран Заев кој продолжува да ја албанизира партијата" за да привлече гласови на Албанците. Се емитува повторно и делот од неговото обраќање во Берн во врска со двојазичноста. Потоа се наведува дека тој добил „силна поддршка од косовските медиумски

магнати и пропагатори на големоалбанската идеја". Се наведува Фејсбук статус на Захир Беќири Чауш за интервју со Батон Хаџиу, директор на ТВ Клан од Косово, за тоа дека само Заев може да ги спаси Албанците во Македонија, дека Ахмети и Тачи не ги заштитиле ветераните на УЧК и населението поради што „сепаратистот Заев е спасителот кој со аплауз беше дочекан од албанското население во Диво насеље", еден ден по терористичкиот напад и се емитува изјава на Хаџиу оти Косово може да се меша во внатрешните работи на Македонија и дека треба да се поддржи Заев, а не Груевски кој промовира лажна историја на македонската нација која е измислена. На крајот се наведува дека затоа експертите велат оти единствена гаранција за крај на политичката криза и зачувување на унитарноста е 63 гласа за ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата.

Во 19 часот, како следен се емитува прилогот „Експерти: Не можете да ветите двојазичност за Албанците, па да не си го одржите зборот" (2 минути и 11 секунди) со изјави од професорот Златко Кесковски дека Заев ќе мора да ги исполни ветувањата што им ги дава на Албанците во кампањата.

Подолу во вестите во 19 часот има прилог „Ад хок телото со нови казни – дел од членовите признаваат дека се на платен список на Сорос" со негативна рамка за Привремената комисија за следење на медиумското претставување со изјава на Слаѓана Димишкова, членка на Комисијата.

Во „Дневникот" во 23 часот има прилог во кој се пренесува колумна на генералот Роналд Џонсон објавена на Телевизиската мрежа ФОКС ЊУЗ, (54 секунди) во која тој му дава поддршка на ВМРО ДПМНЕ и очекува партијата да победи на претстојните избори, а Никола Груевски да биде премиер.

***<u>Други програми</u>***

И во последниот извештаен период, во сегментот од утринската програма *Здраво Македонијо* – насловен *На дневен ред* и наменет за контакт со гледачите, има теми поврзани со изборите.

На 2 и на 7 декември, тема се претстојните избори и очекувањата на граѓаните од нив. Емисијата од втори е репризирана на 3 декември, а онаа од 7 е репризирана во редовниот термин на 8 декември.

На 8 декември повторно се емитува првиот дел, а на 9 декември вториот дел од документарната програма „Светот по Сорос", во која се користат инсерти од Шарената револуција во Скопје. Во емисијата зборуваат повеќе странски и домашни соговорници меѓу кои Мирка Велиновска, Тања Каракамишева, Бобан Нонковиќ, Борјан Јовановски, Миленко Неделковски, Зоран Витанов, Владимир Божиновски, Ирена Цветковиќ, итн. Сценаристи се: Цветин Чилиманов, Бранислав Саркањац и Александар Русјаков.

Член 75-б од Изборниот законик

Во десеттиот извештаен период (од 1 до 9 декември 2016 година), на ТВ Сител се емитуваа следниве прилози во кои власта се поврзува со политички субјект:

***Дневник во 19 часот на 3.12.2016 и Дневник во 23 часот, кој се емитува по полноќ т.е. 4.12.2016***

19:01:21 – 19:04:10 и 00:03:33 – 00:06:22 <u>„Рестартирани рудниците Тораница и Добрево, 900 работни места за македонските рудари"</u> – во прилогот се чита статус од Фејсбук профилот на Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ, кој ја најавил оваа вест, и има изјави од Емил Димитриев, премиер на РМ, Владимир Пешевски, вицепремиер за економски прашања и Никола Влканов, претседател на Бордот на директори на „Минстрој".

***Дневник во 19 и во 23 часот на 8.12.2016***

19:01:46 – 19:06:42 и 23:04:33 – 23:08:54 прилог означен со телопи „Три нови странски инвестиции во Македонија за 500 вработувања најави лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски“, „Индиската компанија „Малхотра“ ќе отвори фабрика за кабли за автомобилската индустрија“, „Грчката компанија „Секе“ и официјално почнува со своите инвестициски активности“ и „Полската компанија „Лубринафт“, за производството на хидраулични масла ќе инвестира во Неготино“ – во прилогот се чита статус од Фејсбук профилот на Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ, и има изјави од Виктор Мизо, директор на ТИРЗ, од сопственикот на „Секе“ и од Рудолф Јиржи Хорак, „Лубринафт“.

***Дневник во 19 часот на 9.12.2016***

19:47:34 – 19:49:66 „10 нови инвестиции за три недели, ќе отворат нови 3 илјади работни места“ – во прилогот има изјави од Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ и Виктор Мизо, директор на Дирекцијата за ТИРЗ.

***Сектор за програмски работи***